# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) ЈАВНО ЗДРАВСТВО ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА, НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Koha“ од 19.3.2026 година, за избор на 1 (едно) лице во сите наставно-научни звања во наставно-научната област јавно здравство во стоматологијата, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-1254/1, донесена на 17.4.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Јулијана Николовска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Бојко Бонев, редовен професор на Факултетот за дентална медицина при Медицинскиот универзитет во Софија и д-р Мира Јанкуловска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на 1 (едно) лице во сите наставно-научни звања во научната област јавно здравство во стоматологијата, во предвидениот рок се пријави д-р Влатко Коколански.

#### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Влатко Коколански е роден на 15.10.1988 година во Куманово. Средно образование завршил во Куманово, во 2007 година. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во учебната 2009/2010 година, со просечен успех 8,12.

Кандидатот активно се служи со англискиот и со рускиот јазик.

Во учебната 2010/2011 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии по деловно право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил во 2012 година, со просечен успех 8,67. Во јули 2012 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Правна регулација на стоматологијата како дејност“.

Во учебната 2011/2012 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил во 2015 година, со просечен успех 9,19. Во март 2015 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Лекарската грешка во македонскиот здравствен систем“.

Во учебната 2015/2016 година се запишал на втор циклус (стручни) студии по фармацевтска регулатива на Фармацевтскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил во 2017 година, со просечен успех 10 (десет). Во април 2017 година го одбранил специјалистичкиот труд на тема „Одговорност за штета од употреба на медицински средства“.

Во учебната 2016/2017 година се запишал на трет циклус (докторски) студии по јавно здравство на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во март 2021 година го одбранил докторскиот труд на тема: „Системите на фармаковигиланца и материовигиланца и нивната улога во јавното здравство“.

Кандидатот, од учебната 2021/2022 до учебната 2023/2024 година, бил ангажиран како стручњак од практиката на Стоматолошкиот факултет во Скопје за предметните програми од областа на јавното здравство во стоматологијата. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, донесена на 24.11.2023 година, кандидатот д-р Влатко Коколански е избран во звањето насловен доцент во научната област друго – јавно здравство во стоматологијата.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје, кандидатот д-р Влатко Коколански изведува настава на студиските програми од интегрираните прв и втор циклус студии за доктори по дентална медицина и на студиските програми од прв циклус студии за стручни забни техничари и за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози, како и на студиските програми од втор циклус студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Кандидатот е коавтор на 2 (два) рецензирани учебника: 1) „Менаџмент во стоматологијата“, издаден во 2022 година, и 2) „Ethics in Dentistry“, издаден во 2026 година.

Д-р Влатко Коколански, во периодот од септември 2016 до март 2020 година, има одржано 94 работилници во основните училишта на територија на Град Скопје, Општина Велес, Општина Кратово и Општина Старо Нагоричане, за превенција на бубрежните заболувања и за стекнување здрави животни навики преку програмата „Со здрави навики до здрави бубрези“, реализирана од страна на Здружението на бубрежно болни граѓани „Нефрон“ – Скопје, финансирана од општествено одговорни компании.

Во рамките на едукативниот настан „Улогата на стручната стоматолошка сестра–орален хигиенолог кај пациенти со протетички и ортодонтски надоместоци“, во организација на Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, одржан во периодот од 30.9. до 2.10.2022 година во Охрид, кандидатот реализирал предавање и работилница за улогата на стручната стоматолошка сестра – орален хигиенолог во пријавувањето на несаканите реакции предизвикани од употребата на медицинските средства.

Кандидатот учествува во реализирање на дел од теоретската настава според општите гледишта на специјализантите, односно супспецијализантите на кои им е одобрена специјализација, односно супспецијализација од областа на стоматологијата.

Кандидатот бил ментор на 2 (две) студентски теми, презентирани од студенти на 31. Стоматолошки студентски конгрес со меѓународно учество, во организација на Факултетското студентско собрание на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Влатко Коколански, до изборот во звањето насловен доцент, има објавено вкупно 23 научни трудови, од кои 16 труда во меѓународни научни списанија, 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание, и 1 труд објавен во зборник од научен собир, како и 5 апстракти објавени во зборник на конференција (конгрес). По изборот, кандидатот објавил вкупно 40 труда, од кои 19 труда во меѓународни научни списанија и 21 апстракт објавени во зборник на конференција. До моментот на распишување на конкурсот за избор во наставно-научно звање, кандидатот има објавено вкупно 63 научни труда, од кои 35 труда во меѓународни научни списанија, 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно списание, и 1 труд објавен во зборник од научен собир, како и 26 апстракти објавени во зборник на конференција.

Кандидатот има реализирано две предавања на стручни собири со меѓународно учество, на следниве теми: 1) Јавноздравствени аспекти на пародонтална болест, на симпозиумот со наслов: „Јавноздравствени и научни аспекти на пародонталната болест“, одржан во Битола, на 29 септември 2012 година, и 2) „Правна регулација на лекарските грешки во стоматологијата“, на симпозиумот со наслов: „Одговорност на стоматологот во решавање на проблемите во секојдневната практика“, одржан во Скопје, на 13 декември 2014 година.

Д-р Влатко Коколански учествувал во пет научни проекти, и тоа: 1) „Унапредување на оралната хигиена кај студентската популација“, одобрен од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – учесник во проект, Интерен конкурс за распределба на средствата за културни, спортски активности и други манифестации на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за 2024 година, со Одлука за распределба на средства за културни активности за 2024 година бр. 02-484/14-6 од 22.3.2024 година, донесена од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (национален проект, каде што кандидатот е учесник), 2) „Интегрален мултимаркерски редокс-профил на плунката кај пародонтални заболувања“ за учество на Конкурсот за доделување средства за финансирање на научноистражувачки проекти за

2025/2026 година, објавен од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (национален проект, каде што кандидатот е учесник), 3) „Орално здравје кај институционализирани стари лица: јавноздравствен пристап" (меѓународен проект, каде што кандидатот е раководител), 4) „Определување на остеоиндуктивниот потенцијал на нискодозажен клиндамицин енкапсулиран во микросунѓери, во комбинација со ксенографт за постекстракциона презервација на алвеола" (меѓународен проект, каде што кандидатот е учесник), и 5) CA21140–Interception of oral cancer development (INTERCEPTOR), во работната група WG6–Socio-Economic impacts, ethics, regulatory bodies and policy makers (меѓународен проект, каде што кандидатот е учесник).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Влатко Коколански активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Стоматолошкиот факултет во Скопје и во моментот е секретар на Факултетот.

Кандидатот е ангажиран во ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" Скопје за вршење на експертски активности.

Д-р Влатко Коколански е член на уредувачки одбор на меѓународното списание *Archives of Public Health*.

Кандидатот е коавтор на стручната книга „Јавноздравствени аспекти на пародонталната болест", издадена во 2013 година, во Скопје.

Во соработка со Здружението на бубрежно болни граѓани „Нефрон" – Скопје, учествувал во голем број јавноздравствени експертски активности, и тоа: Програма за превенција на бубрежните заболувања кај децата „Со здрави навики до здрави бубрези" (реализирана во периодот од 2016 до 2020 година, поддржана од Магрони ДОО – Скопје), Кампања за подигнување на јавната свест за органодарителство (реализирана од јуни 2018 до декември 2018 година, поддржана од Фондацијата „Отворено општество – Македонија"), Кампања за промоција на органодарителството (реализирана во периодот од 1.9. до 30.10.2017 година, поддржана од Град Скопје), Први меѓународни средби на дијализирани и трансплантирани пациенти во Македонија (реализирана во Струга, во периодот од 11 до 14.4.2019 година, поддржана од мрежата SEEN Transplant на Југоисточна Европа), кампањата „Донирај органи, продолжи го животот" (реализирана во периодот од 15.3. до 31.8.2019 година, поддржана од Град Скопје; кампањата „Промоција на органодарителство и трансплантација како највисока форма за унапредување на квалитетот на животот на бубрежно болните лица" (реализирана во периодот од 13.2. до 30.11.2020 година, поддржана од Град Скопје), проектот „Справување на бубрежно болните лица со ковид-19", кој имаше за цел обезбедување бесплатна правна помош за пациентите (реализиран во периодот од 6.3. до 30.11.2021 година, поддржан од Град Скопје; проектот „Борба со Covid 19" (реализиран во периодот од 23.8. – 31.12.2021 година, поддржан од Генералниот секретаријат при Владата на Република Северна Македонија) и проектот „II меѓународни средби на SEEN Transplant – Актуелна состојба во областа на дарувањето на органи – бугарска практика" (реализиран во периодот од 16.12.2021 до 16.6.2022, поддржан од Амбасадата на Република Бугарија во Република Северна Македонија. Д-р Влатко Коколански, во периодот од 2016 до 2022 година, активно учествува во кампањите за подигнување на јавната свест, и тоа: World Kidney Day Campaign (што се одржува секоја година во вториот четврток од месец март) и European Day for Organ Donation and Transplantation (што се одржува секоја година во месец октомври).

Како дел од работна група, учествувал во реализирање на 3 (три) проекти со наслов: „Унапредување на оралното здравје кај граѓани од социјално ранливи категории", реализирани во учебната 2019/2020, учебната 2021/2022 и учебната 2022/2023 година и поддржани од Град Скопје. Д-р Влатко Коколански, активно учествувал во голем број работни групи, односно комисии формирани од Стоматолошкиот факултет во Скопје, ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија и ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар „Св. Пантелејмон" – Скопје.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Влатко Коколански има позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Влатко Коколански.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека д-р Влатко Коколански поседува научни и стручни квалитети и, според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето доцент во научната област јавно здравство во стоматологијата.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Влатко Коколански да биде избран во звањето **доцент** во научната област јавно здравство во стоматологијата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јулијана Николовска, с.р.**
**Проф. д-р Бојко Бонев, с.р.**
**Проф. д-р Мира Јанкуловска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Влатко Благе Коколански**
**Институција: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје**
**Научна област: јавно здравство во стоматологијата**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ДОЦЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: јавно здравство во стоматологијата; поле: јавно здравство и здравствена заштита; подрачје: медицински науки и здравство. | да |
| 3 | Објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови, достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Acta Stomatologica Naissi<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Regulatory aspects of mouthwashes: The case of Republic of North Macedonia<br>4. Година на објава: 2024 | да |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Acta Stomatologica Naissi<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Morphological Characteristics of The Lip Grooves in Citizens of the Republic of North Macedonia Determined by Cheiloscopy<br>4. Година на објава: 2022 | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Medicus<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: вкупен број членови – 17, при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број на членови<br>3. Наслов на трудот: Influence of socio-economic factors on the number of extracted teeth among the population of Polog region in the Republic of North Macedonia<br>4. Година на објава: 2023 | да |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Macedonian Dental Review<br>2. Меѓународен уредувачки одбор: вкупен број членови – 32, при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број на членови<br>3. Наслов на трудот: The association between lifestyle and periodontal health<br>4. Година на објава: 2023 | да |
| 4 | Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа<br><br>9. Странски јазик: англиски јазик<br>10. Назив на документот: уверение<br>11. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>12. Датум на издавање на документот: 20.2.2026 година. | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Влатко Благе Коколански**
**Институција:** **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Стоматолошки факултет – Скопје**
**Научна област:** **јавно здравство во стоматологијата**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус**<br><br>Учебна 2021/2022 година<br>- Менаџмент во стоматологијата за доктори по дентална медицина – **0,6 поени**<br>- Менаџмент во стоматологијата (изборен) од студиската програма за стручни забни техничари, на прв циклус студии и студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози, на прв циклус студии – **0,6 поени**<br><br>Учебна 2022/2023 година<br>- Менаџмент во стоматологијата за доктори по дентална медицина – **0,6 поени**<br>- Менаџмент во стоматологијата (изборен) од студиската програма за стручни забни техничари, на прв циклус студии и студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози, на прв циклус студии – **0,6 поени**<br><br>Учебна 2023/2024 година<br>- Менаџмент во стоматологијата за доктори по дентална медицина – **0.,6 поени**<br>- Менаџмент во стоматологијата (изборен) од студиската програма за стручни забни техничари, на прв циклус студии и студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози, на прв циклус студии – **0,6 поени**<br>- Стоматолошки грешки и одговорност на здравствените работници (изборен) за доктори по дентална медицина – **0,6 поени**<br><br>Учебна 2024/2025 година<br>- Менаџмент во стоматологијата за доктори по дентална медицина – **0,6 поени**<br>- Менаџмент во стоматологијата (изборен) од студиската програма за стручни забни техничари, на прв циклус студии и студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози, на прв циклус на студии – **0,6 поени** | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Стоматолошки грешки и одговорност на здравствените работници (изборен) за доктори по дентална медицина – **0,6 поени**<br>- Стоматолошки грешки и одговорност на здравствените работници (изборен) од студиската програма за стручни забни техничари, на прв циклус студии – **0,6 поени**<br><br>Учебна 2025/2026 година<br>- Менаџмент во стоматологијата за доктори по дентална медицина – **0,6 поени**<br>- Менаџмент во стоматологијата (изборен) од студиската програма за стручни забни техничари, на прв циклус студии и студиската програма за стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози, на прв циклус на студии – **0,6 поени**<br>- Стоматолошки грешки и одговорност на здравствените работници (изборен) за доктори по дентална медицина – **0,6 поени**<br>- Стоматолошки грешки и одговорност на здравствените работници (изборен) од студиската програма за стручни забни техничари, на прв циклус студии – **0,6 поени** | |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус**<br>- Биоматеријали во стоматологијата (учебна 2023/2024 и учебна 2024/2025) – **0,5 поени**<br>- Биоетика и информатика во НИР – **0,25 поени** | 0,75 |
| 3 | **Настава во школи и работилници**<br><br>Програма за превенција на бубрежните заболувања кај децата „Со здрави навики до здрави бубрези“ (реализирана во период од 2016 до 2020 година) – реализирани 94 работилници;<br>- раководител – 47 работилници – **70,5 поени**<br>- учесник – 47 работилници – **47 поени**<br><br>Улогата на стручната стоматолошка сестра – орален хигиенолог во пријавувањето на несаканите реакции предизвикани од употребата на медицинските средства (2022 година) – раководител – **1,5 поени** | 119 |
| 4 | Позитивно рецензиран универзитетски учебник<br>- Менаџмент во стоматологијата (коавтор) – **6 поени**<br>- Ethics in dentistry (коавтор) **– 6 поени** | 12 |
| | **Вкупно** | **140,75** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на меѓународен научен проект<br>- Орално здравје кај институционализирани стари лица: јавноздравствен пристап – **9 поени** | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Учесник во меѓународни научни проекти<br>- CA21140 - Interception of oral cancer development (INTERCEPTOR) – **5 поени**<br>- Определување на остеоиндуктивниот потенцијал на ниско-дозажен клиндамицин енкапсулиран во микросунѓери во комбинација со ксенографт за постекстракциона презервација на алвеола – **5 поени** | 10 |
| 3. | Учесник во национални научни проекти<br>- Унапредување на оралната хигиена кај студентската популација – **3 поени**<br>- Интегрален мултимаркерски редокс профил на плунката кај пародонтални заболувања **– 3 поени** | 6 |
| 4 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>- Poposki B, Babić-Jordamović N, Ivanovski K, Pejčić A, **Kokolanski V.**, Marjanović D, Atanasovska-Stojanovska A, Jakovski Z. Morphological Characteristics of The Lip Grooves in Citizens of the Republic of North Macedonia Determined by Cheiloscopy. Acta Stomatologica Naissi 2022; 38 (86): 2456-2468. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28042 – **3 поени**<br>- Kokolanski V., Zabokova Bilbilova E, Ivanovski K, Nikolovska J, Poposki B, Andonovska M, Spasovski S, Gigopulu O. Regulatory aspects of mouthwashes: The case of Republic of North Macedonia. Acta stomatologica Naissi 2024; 40 (90): 2913 – 2922. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38512 **- 3 поени**<br>- Dakaj K, Andonovska M, Kokolanski V, Glavas-Dodov M, Shalabalija D, Ivanovski K, Dimitrovska M, Tasevska T, Nikolovska J, Spasovski S, Poposki B, Markovic MM. Total Soluble Solids Content and Viscosity of Commercially Available Mouthwashes. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2025;46(3):83-92. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38482 **- 3 поени**<br>- Kokolanski V., Ivanovski K, Nikolovska J, Milosevic Markovic M, Spasovski S, Poposki B, Andonovska M. Dental specializations and sub-specializationsin North Macedonia: then and now. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2025 Jul 5;46(2):83-94. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38494 **- 3 поени**<br>- Poposki B, Ivanovski K, Pejcic A, Kokolanski V, Stankovic I. Up-to-date Modalities in the Prevention of Oral Mucositis:A Literature Review. Acta facultatis medicae Naissensis 2025; 42(1): 13-26. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38495 **- 3 поени + 0.3 и.ф = 3.3 поени**<br>- Ivanovski K, Kokolanski V., Manchevska S, Spiljak B, Poposki B. The association between perceived stress, salivary cortisol and the severity of periodontal disease: a comparative cross-sectional | 21,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | study. Romanian Journal of Stomatology. 2025; 71 (1): 52-58. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38499 - **3 поени**<br>- Spasovski S, Janev E, Menceva Z, Markovska-Arsovska M, Simjanovska Lj, Kokolanski V., Popovska M. Submucosal against Intramuscular Administration of Dexamethasone in Treatment of Postoperative Edema after Odontectomy of Impacted Mandibular Third Molars. Pril (Makedon Akad Nauk Umet Odd Med Nauki). 2026; 47 (1): 63-74. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38816 – **3 поени** | |
| 5 | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број членови<br>- Ивановски К. **Коколански В**. Дирјанска К. Јанкуловска М. Апостолска С. Еленчевски С. Мрежата на стоматолошки здравствени установи во Република Македонија-реална состојба и потреби. Архиви на јавното здравје 2012; 4 (2): 62-9. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/18492 – **3 поени**<br>- Ивановски К. **Коколански В**. Пешевска С. Концепт вршења стоматолошке здравствене делатности с посебним освртом на мрежу стоматолошких установа у Републици Македонији. Здравствена заштита 2013; 3: 12-17. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/18079 – **4 поени**<br>- Ивановски К, Георгиева С, Пандилова М, Пешевска С, Миндова С, Стефановска Е, **Коколански В**. Информираната согласност во македонската стоматолошка практика. Макед. стом. преглед. 2013; 1-2: 79-95. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/19099 – **3 поени**<br>- Ivanovski K, Pandilova M, **Kokolanski V.**, Dirjanska K, Mindova S, Stefanovska E, Ristoska S. Influence of total family revenues on periodontal health. Archives of public health. 2013; 5 (2): 18-25. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28088 – **3 поени**<br>- Ivanovski K, Elencevski S, Peševska S, Dirjanska K, Stefanovska E, **Kokolanski V**. Effect of educational attainment level on periodontal health and number of extracted teeth. Stomatoloski informator 2014; 9 (34): 5-10. Линк:http://hdl.handle.net/20.500.12188/19758 – **3 поени**<br>- Ivanovski K, Pandilova M, Georgieva S, Pesevska S, **Kokolanski V**, Dirjanska K, Ristoska S, Stefanovska E, Mindova S, Markoski A. An association between the socio-economic indicators and the periodontitis in the Republic of Macedonia. Research Journal of Pharmaceutical, Biological and Chemical Sciences; 2016; 7(4): 33-41. Линк; http://hdl.handle.net/20.500.12188/28086 – **3 поени**<br>- **Kokolanski V**., Trajkovikj Jolevska S., Isijanovska R., Ivanovski Kj., Dirjanska K., Sivadasan S. Knowledge and Attitude towards Pharmacovigilance and Adverse Drug Reaction Reporting among Dental Medicine Students in the Republic of Macedonia Macedonian Dental Review. 2018; 41 (1-2): 1-8. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28084 – **3 поени**<br>- **Коколански В.**, Трајковиќ-Јолевска С, Исјановска Р, Ивановски Ќ, Дирјанска К. Компаративна анализа на системите на материовигиланца во Македонија, САД, ЕУ, Јапонија и Кина и нивната улога во јавното здравство. Архиви на јавното здравје 2019; 11 (1): 20-30. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28083 – **3 поени**<br>- Mindova S, Kokolanski V, Ristoska S, Stefanovska E, Mitic K, Apostolova G, Janev E, Grozdanovski G. Oral-hygiene practices in student population in Skopje and Oslo. Macedonian Dental Review 2019;42(3):89-93. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/27426 – **3 поени** | 82 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Павлоска Н, Велиќ Стефановска В, Ивановски Ќ, **Коколански В**. Ставови и искуства на докторите по дентална медицина за денталниот туризам во Република Македонија. Medicus 2018; 23 (3): 271-277. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28082– **3 поени**<br>- Павлоска Н, Велиќ Стефановска В, Ивановски Ќ, **Коколански В**. Карактеристики на денталниот туризам – стоматолошки капацитети и третман на пациентите од странство. Medicus 2020; 25 (2): 227-233. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28081 – **3 поени**<br>- Poposki B, Kokolanski V., Ivanovski K, Risteska N, Pandilova M, Aleksova P, Krstevski D. The association between lifestyle and periodontal health. Macedonian Dental Review 2023;46(1):6-11. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/27543 – **3 поени**<br>- Apostolova G, Kokolanski V, Malenkov H, Elezi R, Anastasovska M. Influence of socio-economic factors on the number of extracted teeth among the population of Polog region in the Republic of North Macedonia. Medicus 2023; 28(2): 207-215. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38561 – **3 поени**<br>- Kokolanski V., Nikolovska J, Aleksova P, Poposki B. Determining the knowledge about pharmacovigilance of dentists from the Republic of North Macedonia. Macedonian Dental Review 2023; 46 (2). Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/27969 – **3 поени**<br>- Apostolova G, Kokolanski V., Malenkov H, Elezi R. Influence of socio-economic factors on the number of extracted teeth among the population of Skopje region in the Republic of North Macedonia. Macedonian Dental Review 2023; 46 (2). Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28079 – **3 поени**<br>- Kokolanski V, Spasovski S, Ribarska Tonikj J, Ivanovski K, Nikolovska J, Poposki B. Knowledge, experience and attitude of patients regarding materiovigilance system in the Republic of North Macedonia. Macedonian Dental Review 2023;46(4):124-130. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38522 - **3 поени**<br>- Kokolanski V., Ivanovski K, Nikolovska J, Poposki B, Apostolova G. Knowledge, experiences and attitudes of patients regarding the pharmacovigilance system in the Republic of North Macedonia. Medicus. 2024;29(1):45-52. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38522 – **3 поени**<br>- Ivanovski K, Kokolanski V., Mitik K, Stefanovska E, Ristoska S, Risteska N, Shopkovski K, Poposki B. Impact of antioxidants on complete blood count parameters and their association with the severity of chemotherapyinduced oral mucositis – animal study. Macedonian Dental Review 2024; 47 (2): 52-58. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38519 – **3 поени**<br>- Kokolanski V., Ivanovski K, Apostolska S, Nikolovska J, Danevska M. Spasovski S, Poposki B. Attitudes, experience and practice about adverse drug reactions of dentists in Republic of North Macedonia, Apolonia. 2024;26(54-55):40-51. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38524 - **3 поени**<br>- Kokolanski V., Ivanovski Kj, Nikolovska J, Jankulovska M. Legal regulation of health specializations and subspecializations in the field of dentistry in the Republic of North Macedonia. Arch Pub Health 2024; 16 (1). 56:75. doi.org/10.3889/aph.2024.6111 Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38521 - **3 поени**<br>- Kokolanski V., Danevska M, Ivanovski K, Nikolovska J, Spasovski S, Poposki B. A questionnaire study on the knowledge of pharmacovigilance among healthcare professionals in the Republic of North Macedonia. Acad Med J 2024;4(2):106-117. | |

| | | |
|---|---|---|
| | Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38520 - **3 поени**<br>- Kokolanski V., Zafirov D, Danevska M, Ivanovski K, Nikolovska J, Spasovski S, Poposki B. Assessment of attitude and practice towards adverse drug reaction reporting of health professionals in Republic of North Macedonia. Journal of Morphological Sciences.2024; 7(2): 86-97. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38508 – **3 поени**<br>- Ivanovski K, Kokolanski V., Andonovska M, Poposki B, Spasovski S, Jankulovska M, Nikolovska J. Declared Fluoride Concentration in Commercial Mouthwashes: A Market Analysis from North Macedonia. Arch Pub Health 2024; 16 (2) 37-48. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38500– **3 поени**<br>- Andonovska M, Kokolanski V., Spasovski S, Poposki B, Ivanovski K, Nikolovska J, Gigopulu O. Titratable Acidity and pH of Commercial Mouthwashes: A Comprehensive Analysis. Arch Pub Health 2025; 17 (1): 108-120. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38498 – **3 поени**<br>- Kokolanski V., Poposki B, Spasovski S, Andonovska M, Ivanovski K, Nikolovska J, Stefkovska N, Mladenovski M. Knowledge, attitudes and practices of medical doctors and dentists regarding medical errors in the healthcare system of the Republic of North Macedonia. Journal of Morphological Sciences 2025; 8 (2): 130-141. Линк:https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38488 – **3 поени**<br>- Anastasovska M, Poposki B, Andonovska M, Idoska S, Idoski E, Kokolanski V. Correlation between salivary uric acid values and risk factors associated with metabolic syndrome Arch Pub Health 2025; 17 (2). 87-89. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38483– **3 поени**<br>- Poposki B, Radojkova-Nikolovska V, Mitikj K, Risteska N, Idoska S, Anastasovska M, Lešić S, Kokolanski V. Secondary syphilis manifesting as multifocal oral ulcerations, dysphonia, and cervical lymphadenopathy: a case report. Acad Med J 2026;6(1):160-166. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38630 – **3 поени**<br>- Kushtrim D, Andonovska M, Nikolovska J, Alimani-Jakupi J, Kokolanski V., Mladenovski M. Oral health related quality of life and risk factor in patients with tooth wear. JMS 2026; 9 (1): 24-35. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38481 - **3 поени** | |
| 6 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание<br><br>Кузмановска О. Павлов Д. Коколански В. Даневска М. Застапеноста со дерматовенеролози на секундарното ниво на здравствена заштита во мрежата на здравствени установи. Дерматовенерологија (прилог на Vox medici) 2014; 2:17.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38564 – **1,8 поени** | 1,8 |
| 7 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>Kokolanski V., Anchevska-Netkovska K, Sterjev Z, Trajkovikj Jolevska S. Liability for damage caused by using medical devices. Macedonian Pharmaceutical Bulletin 2016; 62 (suppl) 225–226.<br>Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28085 – **1,8 поени** | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 8 | Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество<br><br>- Јавноздравствени аспекти на пародонтална болест, на симпозиумот, Битола, 29.9.2012 година **– 2 поена**<br>- Правна регулација на лекарските грешки во стоматологијата, Скопје, 13.12.2014 година **– 2 поена** | 4 |
| 9 | Апстракти објавени во зборник на конференција<br><br>- Костов М., Ивановски К., Исјановска Р., Коколански В., Лазовски Б. Шуменковска Д. Знаењето на студентската популација за сексуално преносливите болести по орален пат. VI конгрес на доктори по стоматологија со меѓународно учество, Охрид, 2012. Зборник на апстракти 2012: 202-3. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28073 – **1 поен**<br>- Кузмановска О., Павлов Д., Коколански В., Даневска М. Застапеноста со дерматовенеролози на секундарното ниво на здравствена заштита во мрежата на здравствени установи во Р. Македонија – состојба и потреби. V конгрес на дерматовенеролози. Книга на апстракти, 2013. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28091 – **1 поен**<br>- Ивановски К., Коколански В., Пешевска С. Пандилова М. Дирјанска К., Крстевски Д. Социјалното раслојување во Република Македонија и пародонталното здравје. III сеалбански конгрес на стоматологија со меѓународно учество. Книга на апстракти 2013; 223. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28090 – **1 поен**<br>- Ивановски К., Крстевски Д., Ристоска С., Стефановска Е., Миндова С., Коколански В. Влијанието на начинот на живот врз длабочината на пародонталниот џеб и клиничкото губење на припој. III сеалбански конгрес на стоматологија со меѓународно учество. Книга на апстракти 2013; 109. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28089 – **1 поен**<br>- Nikolovska J, Velichkovska D, Kokolanski V, Damjanoski K. Consequences for the Oral Healthcare System in a Crisis Situation in North Macedonia. Community Dental Health (2022) 39, S1–S57. EADPH 2022 Abstract No. 59. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/28080 – **1 поен**<br>- Poposki B, Ivanovski K, Mitikj K, Georgieva S, Kokolanski V., Risteska N, Kostadinova-Kunovska S. Limitations in the treatment of OPMDs in low-income countries through a case report. OPMDay Abstract book. 30–31 August 2023. University of Antwerp – Belgium. Линк:https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38523– **1 поен**<br>- Stavreva N, Bajraktarova Valjakova E, Elencevski S, Janeva N, Toseska Spasova N, Kokolanski V., Mijakoski D. Prevention of musculoskeletal disorders as occupational health problem among dental professionals. 1st International Congress of Preventive Medicine and Public Health. Struga, Republic of North Macedonia, November 2024. Линк: http://hdl.handle.net/20.500.12188/34111 – **1 поен**<br>- Kokolanski V, Ivanovski K, Andonovska M, Poposki B, Spasovski S. Criminal liability of dentists for medical malpractice through the prism of judicial practice. 1st International Congress of Preventive Medicine and Public Health: 2024 Struga, NMK. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38509 – **1 поен**<br>- Nikolovska J, Kokolanski V, Dakaj K. Initial Study of Quality of Life and Risk Factors for Tooth Wear in Macedonians. 28th Annual European Association of Dental Public Health (EADPH) CongressAt: Heraklion, Crete, October 2024. Линк | 26 |

| | | |
|---|---|---|
| | https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38513 – **1 поен**<br>- Kokolanski V., Ivanovski K, Apostolska S, Poposki B, Spasovski S, Risteska N. Are fluoride concentrations declared in commercial mouthwashes? Abstract no.PP 42. Međunarodni kongres doktora stomatologije: 2024 Foča, BIH.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38514 **– 1 поен**<br>- Kokolanski V., Ivanovski K, Jankulovska M, Poposki B, Spasovski S. Interesovanje stomatologa za specijalizaciju iz oblasti dečje i preventivne stomatologije u Republici Severnoj Makedoniji. XL Simpozium zdravstvenog vaspitanja u stomatologiji: 2024 Kruševac, RS.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38510 **– 1 поен**<br>- Stavreva N, Pancevska S, Elencevski S, Bajraktarova Valjakova E, Janeva N, Toseska Spasova N, Kokolanski V, Sulejmani M, Petrovski M. Oral health, prosthetic treatment and comorbidity at geriatric population in Republic of Macedonia. 34th Annual Congress of European College of Gerodontology (ECG): New frontiers in Gerodontology. At: Belgrade, Serbia, June 2024. Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38511 **– 1 поен**<br>- Mitik K, Poposki B, Ivanovski K, Kostadinova-Kunovska S, Kokolanski V. Prevalence of OPMDs and OSCCs in the Republic of North Macedonia in a 30-year period: an analysis based on the data from a single center. Abstract no.13. OPMDay: 2024 Porto, PT.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38515 **– 1 поен**<br>- Kokolanski V., Ivanovski K, Spasovski S, Poposki B, Daci A. Awareness of Dentists Regarding Materiovigilance System in the Republic of North Macedonia. Abstract no.PP 2. II Macedonian Pedodontic Congress: 2024 Skopje, NMK.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38517 **– 1 поен**<br>- Spasovski S, Atanasovska L. Petkovska R, Ivanovski K, Kokolanski V., Menceva Z, Markovska Arsovska M, Mindova S, Popovska M. Role of Doxycycline on the Finding of Fusobacterium Nucleatum in Periodontitis. Conference: EuroPerio11A. Vienna, Austria. Journal of Clinical Periodontology: Volume 52, Issue S28, PR129, 14 May 2025 - 17 May 2025.<br>Линк https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38497 **– 1 поен**<br>- Mitikj К, Poposki B, Ivanovski K, Kokolanski V, Asani A, Anastasovska A. Salivary oxidative stress markers in the progression of OPMDs – a pilot study. 4th OPMDay Annual Congress. Zagreb, Croatia, 12-13 June 2025.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38496 **– 1 поен**<br>- Ivanoska J, Kokolanski V, Nikolovska J, Mladenovski M, Stavreva N. Why dental medicine?/Зошто дентална медицина? 10th Congress of the Macedonian Dental Society. Ohrid, 18-21 September 2025.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38490 **– 1 поен**<br>- Andonovska M, Kokolanski V., Ivanovski K, Poposki B, Spasovski S. Assessment of erosive potential in commercial mouthwashes: evaluation of pH and titratable acidity / Анализа на ерозивниот потенцијал на комерцијалните водички за испирање на устата: евалуација на pH и титрациската киселост. 10th Congress of the Macedonian Dental Society. Ohrid, 18-21 September 2025.<br>Линк https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38489 **– 1 поен**<br>- Kokolanski V, Milosevic Markovic M, Spasovski S, Poposki B, Andonovska M. Sugar substitutes in commercially available | |

| | | |
|---|---|---|
| | mouthwashes / Засладувачи во комерцијалните водички за испирање уста. 10th Congress of the Macedonian Dental Society. Ohrid, 18-21 September 2025.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38491 **– 1 поен**<br>- Mladenovski M, Andonovska M, Petrovski M, Kokolanski V., Zlatanovska K, Stojmenova Toneva V. Rational antibiotic therapy in dentistry: a key step against antimicrobial resistance / Рационална антибиотска терапија во стоматологијата: клучен чекор против антимикробната резистенција. 10th Congress of the Macedonian Dental Society. Ohrid, 18-21 September 2025.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38492 **– 1 поен**<br>- Risteska N, Ivanovski K, Radojkova Nikolovska V, Mitikj K, Poposki B, Kokolanski V. Determination of salivary lactat dehydrogenase (LDH) as a potential screening test for periodontitis. 10th Congress of the Macedonian Dental Society. Ohrid, 18-21 September 2025.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38493 **– 1 поен**<br>- Milošević Marković M, Mandinić Z, Jakšić Karišik M, Milosavljević A, Kokolanski V., Jovanović S. Kadar u stomatološkoj zdravstvenoj zaštiti u javnom sektoru u Srbiji. 41. Simpozijuma zdravstvenog vaspitanja u stomatologiji. Nova Varoš, 13.6.2025.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38486 **– 1 поен**<br>- Bajram M, Ivanovski Kj, Bajraktarova Misevska C, Poposki B, Kokolanski V. Povezanost salivarnih biomarkera i komplikacija ortodontske terapije. 5. Kongres preventivne stomatologije. Beograd, 14-15.11.2025.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38485 **– 1 поен**<br>- Kokolanski V, Gigopulu O, Poposki B, Andonovska M, Milosević Marković M, Poceva Panoska A, Ivanovski Kj. Skrining koncentracije etanola u komercijalnim tečnostima za ispiranje usta koje se nalaze na tržištu u Severnoj Makedoniji. 5. Kongres preventivne stomatologije. Beograd, 14-15.11.2025.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38487 **– 1 поен**<br>- Poposki B, Ivanovski K, Georgieva S, Risteska N, Idoska S, Anastasovska M, Kokolanski V. Unmasking the Great Imitator: A Diagnostic Challenge of Secondary Syphilis in the Oral Cavity / Разоткривање на големиот имитатор: секундарниот сифилис како дијагностички предизвик во усната празнина. Втор национален симпозиум на млади лекари. Скопје, 5 – 6 декември 2025.<br>Линк: https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38484 **– 1 поен**<br>- Milošević Marković M, Jakšić Karišik M, Lazarević M, Kokolanski V, Petrović M, Jovanović S. Mogućnosti i ograničenja prevencije oralnog karcinoma u Srbiji. 5 Kongres preventivne stomatologije, 14-15. novembar 2025, Beograd.<br>Линк https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/38601 **– 1 поен** | |
| | **Вкупно** | **161.9** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Книга од стручна област<br><br>Киро Ивановски, Снежана Пешевска. Маја Пандилова, Катарина Дирјанска, Стевица Ристоска,Соња Миндова, Емилија Стефановска, Влатко Коколански. | 7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Јавноздравствени аспекти на пародонталната болест. Скопје, 2013 година – **7 поени** | |
| 2 | Стручна активност од областа на јавното здравство и соодветната област<br><br>Учесник во следниве програми за превенирање на болест(и):<br>- Програма за превенција на бубрежните заболувања кај децата „Со здрави навики до здрави бубрези“ (реализирана во период од 2016 до 2020 година); - **1 поен**<br>- Кампања за подигнување на јавната свест за органодарителство (реализирана од јуни 2018 до декември 2018 година); - **1 поен**<br>- Кампања за промоција на органодарителството (реализирана во период од 1.9. до 30.10.2017); **- 1 поен**<br>- Кампања „Донирај органи, продолжи го животот” (реализирана во период од 15.3. до 31.8.2019); - **1 поен**<br>- Кампања „Промоција на органодарителство и трансплантација како највисока форма за унапредување на квалитетот на животот на бубрежно болните лица“ (реализирана во период од 13.2. до 30.11.2020); **- 1 поен**<br>- Кампањи за подигнување на јавната свест – World Kidney Day Campaign (која се одржува секоја година во вториот четврток од месец март) и European Day for Organ Donation and Transplantation (која се одржува секоја година во месец октомври), реализирани во период од 2016 до 2022 година; **- 14 поени** | 19 |
| 3 | Завршена специјализација во соодветната област<br>- Специјалист по фармацевтска регулатива – **2 поена** | 2 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Раководител на внатрешна организациона единица<br>- Секретар на Стоматолошки факултет – Скопје | 3 |
| 2 | Член на уредувачки одбор на меѓународно списание | 1 |
| | **Вкупно** | **32** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **140,75** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **161,9** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **32** |
| **Вкупно** | **334,65** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Јулијана Николовска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Бојко Бонев, член, с.р.**
**Проф. д-р Мира Јанкуловска, член, с.р.**

# REPORT
# FOR THE SELECTION OF ONE PERSON IN ALL TEACHING-SCIENTIFIC TITLES IN THE TEACHING AND SCIENTIFIC FIELD (DISCIPLINE) PUBLIC HEALTH IN DENTISTRY AT THE FACULTY OF DENTISTRY IN SKOPJE

Based on the call for applications of the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Dentistry - Skopje, published in the newspapers "Vecer" and "Koha", dated March 19, 2026, for the selection of a person in all teaching-scientific titles in the teaching-scientific field public health in dentistry, and based on the Decision of the Teaching-Scientific Council, no. 02-1254/1, adopted on April 17, 2026, a Review Committee was established, consisting of: Dr. Julijana Nikolovska, full professor at the Faculty of Dentistry - Skopje, part of the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Dr. Boyko Bonev, full professor at the Faculty of Dental Medicine at the Medical University in Sofia and Dr. Mira Jankulovska, full professor at the Faculty of Dentistry - Skopje within the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje.

As members of the Review Committee, after reviewing the submitted documentation, we hereby submit the following

## REPORT

Vlatko Kokolanski, PhD, applied for the announced call for applications for the selection of a candidate in all teaching-scientific titles in the scientific field public health in dentistry, within the stipulated period.

### 1. BIOGRAPHICAL DATA AND EDUCATION

The candidate Vlatko Kokolanski, PhD, was born on October 15, 1988, in Kumanovo. He finished secondary education in Kumanovo in 2007. He graduated from the "Iustinianus Primus” Faculty of Law - Skopje within the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje in the academic year 2009/2010, with an average grade of 8.12.

The candidate actively uses English and Russian languages.

In the academic year 2010/2011, he enrolled in the second cycle (master's) studies in business law at the "Iustinianus Primus" Faculty of Law - Skopje, within the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. He finished his studies in 2012, with an average grade of 8.67. In July 2012, he defended his master's thesis on: Legal regulation of dentistry as an activity.

In the academic year 2011/2012, he enrolled in the second cycle (master's) studies in public health at the Faculty of Medicine - Skopje, within the Ss. Cyril and Methodius University in Skopje. He finished his studies in 2015, with an average grade of 9.19 In March 2015, he defended his master's thesis on: The medical error in the Macedonian health system.

